**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ДВАЕСЕТ И ШЕСТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 22.05.2023 година**

**СКОПЈЕ, МАЈ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и шесттата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 22.05.2023 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следниот предлог за дополнување** на предложенот дневен ред:

Согласно барањето од советничката група на "Политичка партија Левица", бр.09-2952/1 од 26.04.2023 година, поднесено од координаторот на советничката група - советник Дарко Стојановски, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**17.** Расправа по барање за донесување на Одлука за ослободување или процентуално намалување на давачки и надомести кон Општина Гази Баба за бранителите на Република Македонија.

**Сашо Начовски** (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ) и **Александар Саша Димитријевиќ** (Коалиција предводена од СДСМ) упатија забелешка за ненавремено доставување на предлозите за дополнување на дневниот ред, во спротивност со статутот и деловникот за работа на Советот на Општина Гази Баба.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 17** беше усвоен со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката 17 е составен дел на предложенот дневен ред.

Предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Бобан Стефковски**:

Ја образложи потребата од дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**18.** Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба; и

**19.** Предлог - Одлука за овластување на службеник за превземање на дејствија за спроведување на пропис на Советот на Општина Гази Баба.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 18** беше усвоен со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 19** беше усвоен со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките 18 и 19 се составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Бобан Стефковски**:

Со претходно образложение ги повлече точките:

**9.** Предлог - Одлука за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен инфраструктурен проект - фекална мрежа во населено место Ергеле; и

**10.** Предлог - Одлука за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен инфраструктурен проект - фекална мрежа во населено место Брњарци.

Претседателот на Советот констатираше дека точките 9 и 10 се повлечени од предложенот дневен ред а точките редоследно од 11 - 19 ќе се разгледуваат како точки редоследно од 9 - 17.

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2023 година;
3. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за поддршка на проектни активности на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за примање на донација од "Аутомакедонија" АД Скопје;
5. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
6. Предлог - Одлука за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година;
7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година;
8. Предлог - Одлука за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен инфраструктурен проект - фекална мрежа во населено место Виниче;
9. Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година;
10. Предлог - Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2023 година;
11. Предлог - Правилник за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба";
12. Предлог - Правилник за финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма;
13. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-903 за КП 1293 КО Гази Баба;
14. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година;
15. Расправа по барање за донесување на Одлука за ослободување или процентуално намалување на давачки и надомести кон Општина Гази Баба за бранителите на Република Македонија;
16. Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба; и
17. Предлог - Одлука за овластување на службеник за превземање на дејствија за спроведување на пропис на Советот на Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба.**

Во дискусијата учествуваа членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот точката ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2023 година, со **19 гласа "ЗА", 2 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за поддршка на проектни активности на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за поддршка на проектни активности на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од "Аутомакедонија" АД Скопје**.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од "Аутомакедонија" АД Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен инфраструктурен проект - фекална мрежа во населено место Виниче.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен инфраструктурен проект - фекална мрежа во населено место Виниче, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година, со **22 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Акциониот План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2023 година, со **21 глас "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба", со **22 глас "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-903 за КП 1293 КО Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација – Дејан Митески.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-903 за КП 1293 КО Гази Баба, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година, со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на советот даде пауза од 10 минути за да се одржи седница на статутарно-правната комисија, за да завземе став по однос на **точките 16 и 17**.

**По паузата.**

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Расправа по барање за донесување на Одлука за ослободување или процентуално намалување на давачки и надомести кон Општина Гази Баба за бранителите на Република Македонија.**

Претседателот на Советот отвори расправа по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Дарко Стојановски (Левица), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и Тони Симоновски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот ја заклучи расправата по точката и врз основа на водените дискусии а на предлог на Градоначалникот на Општина Гази Баба го предложи а Советот со **24 гласа "ЗА"** го усвои следниот **заклучок**:

**Да се формира работна група од претставници од советничките групи во советот и претставници од надлежните сектори во општинската администрација, со цел да се видат сите правни основи и правни можности за донесување на соодветна одлука. Дополнително, ќе се превземат чекори за обезбедување на регистрите на бранители од Министерство за внатрешни работи и Министертво за одбрана за да може да се направи соодветна анализа во детските градинки и општинските основни училишта на подрачјето на општината, во однос на тоа за колкав опфат на граѓани станува збор и можни процентуални ослободувања од плаќања на давачки за бранителите на Република Македонија.**

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 22.05.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за овластување на службеник за превземање на дејствија за спроведување на пропис на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за овластување на службеник за превземање на дејствија за спроведување на пропис на Советот на Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Пред заклучување на седницата, Претседателот на Советот го извести советот за поднесена иницијатива за одржување на нова дваесет и седма седница на советот веднаш по завршување на дваесет и шесттата седница.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Дваесет и шесттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **14:30** часот.

**Број 09-5119/2**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот